# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ НА ОПШТИНИСКА АДМИНИСТРАЦИЈА –ДРЖАВНИ И ЈАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ И НА ИЗБРАНИ ЛИЦА ЗА ПЕРИОД ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ, 2015 ГОДИНА

Јануари, 2016

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија – ЗЕЛС , во посебниот сегмент од своето дејствување кон општините, посвети големо внимание, време и финансиски средства за реализација на активности поврзани со градење на капацитетите на административните службеници вработени на општините.

Планот за обуки за 2015 година, содржи 26 тематски единици распределени во 14 области – урбанизам(3), право(4), финансии(2), човечки ресурси(1), односи со јавност(1), образование(1), животна средина(1), локален економски развој(2), информатичко-комуникациски технологии(3), енергетска ефикасност(1), ЕУ интеграции и фондови (1) и други обуки (1), сертифицирани обуки (2) и проектни обуки (3).

Согласно годишните програмски проекции, во 2015 година се реализирани 24 тематски единици, кои опфаќаат 17 тематски модули од Планот за обуки 2015. Реализирани се: 4 работилници, 23 обуки и 4 советувања на кои биле опфатени 1202 лица од општинската администрација и општинските совети. Обуките се одржуваа најчесто како еднодневни исклучиво во ЗЕЛС Тренинг центарот во Скопје, со што се бележи максимална искористеност во однос на одржување на планирани обуки.

Дел од тематските единици предвидени во Планот за обуки 2015 не беа спроведени поради неуспешно воспоставена соработка со соодветните централни државни ресори за назначување предавачи-стручни лица од конкретна област, за временскиот период за кој беше предвидено спроведувањето на обуките. За спроведување на областа Право со 4 тематски единици се поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) и до Министерството за правда, и тоа:

- На 16.01.2015г. за Примена на новините во правниот третман на архивското и канцелариско работење, како и во постапувањето со архивскиот и документиран материјал до Државен архив на РМ и до Државен управен инспекторат. На 21.08.2015 од Државниот управен инспекторат повторно е побарано номинирање стручни лица, за архивско работење и за Примена на новините во Законот за општа управна постапка. На 29.09.2015г. истото барање е упатено и до МИОА , по сугестија на Државниот управен инспекторат, на што не е одговорено до крајот на 2015 година.
- На 29.09.2015г. за Примена на новините во областа на Инспекцискиот надзор, на што не е одговрено до крајот на 2015 година
- На 29.09.2015 е испратен допис со барање за номинирање стручо лице/а за одржување на обука за Примена на Законот за облигационите односи до Министерството за правда на РМ , од каде е одговорено дека Министерството нема таков кадар, и дека треба да побараме експертиза по овој Закон од Академијата на судии на РМ.

Од Минитерството за животна средина и просторно планирање, на 29.09.2015г. е побарано номинирање стручни лица за спроведување на обука за Управување со отпадни води и отпад од електрична и електронска опрема. Добиен е повратен одговор дека во рамки на проект на Министерството се планирани наведените обуки наменети за општините. До крај на 2015 година истите не се спроведени.

На 29.09.2015г. побарано е номинирање стручни лица од Министерство за економија за спроевдување на обуки за Локални инвестиции и искористување на локалните потенцијали за развој и за Туризам и потенцијалите на општините. На 15.12. 2015г. е побарано номинирање стручно лице од Министерството само за реализација на една сесија од обуката за Туризмот и потенцијалите на општините, а се однесуваше на законската рамка за туристичка, угостителска дејност, закон за трговија и за усогласување на стратегиите на општините со Националната стратегија за развој на туризмот. Не е добиен одговор од Министерството по ниту едно доставено барање од страна на ЗЕЛС.
Обуките предвидени под поглавје Проектни обуки , а произлезени од регионалните проекти: Локални лидери во ЈИЕ и Собирање податоци за цврстиот отпад во ЈИЕ не се спроведени во 2015 година поради одоговлекување во реализацијата на регионалните активности.

Во прегледот даден во продолжение, нумерички и текстуално се претставени активностите што се спроведени во оваа компонента од работењето на ЗЕЛС во 2015 година, и тоа врз основа на :

**А). Број на одржани обуки, работилници и советувања:**

**1. Спроведени согласно План за обуки на ЗЕЛС.**

Согласно Планот за обуки, во 2015 година се спроведени 17 тематски модули, од вкупно 26 распределени во 14 области, што бележи реализација на Планот од 65% (2% повеќе во однос на 2014 година). Најмногу активности се евидентирани во областа на ЕУ финансиските програми и проекти, урбанизмот и градежништвото и во областа на родовата еднаквост, а најголем број учесници ја посетиле тематската единица за урбанизам и градежништво, за ЕУ проекти и за финансирање на општините.

| Област | Број на реализирани теми | % во однос вкупно теми по област | Број на учесници | % во однос на годишен број на учесници |
|---|---|---|---|---|
| Урбанизам | 3 | 100% | 238 | 24 |
| Човечки ресурси | 1 | 100% | 66 | 7 |
| Финансии | 2 | 100% | 137 | 14 |
| Образование | 1 | 100% | 67 | 7 |
| ЛЕР | 1 | 50% | 39 | 4 |
| Животна средина | 1 | 66% | 51 | 5 |
| ИКТ | 2 | 66% | 50 | 5 |
| БФЦ СЕЕ сертификација | 1 | 100% | 15 | 1 |
| ЕУ Фондови | 1(3) | 100% | 194 | 19 |
| ЕЕ | 1 | 100% | 36 | 4 |
| Други обуки | 1 | 100% | 35 | 3 |
| Сертифицирање форумски модератори | 1 | 100% | 12 | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Поектни обуки – РОБ | 1 | 33% | 56 | 6 |

**2. Дополнителни или/и ад хок активности за градење на капацитети**

→ ЗЕЛС и Министерството за транспорт и врски на Република Македонија, организираа работилница за презентација на новата софтверска апликација “Провери го моето такси”, како единствена база за вршење на авто такси дејност на ниво на територијата на Република Македонија

→ Во соработка со Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, ЗЕЛС организираше обука за општинската администрација на тема „Електронска комуникација со Владата на Република Македонија“. Општинските службеници се стекнаа со познавање за користење на новиот **мултиплатформски систем за соработка преку електронска седница на Владата „е-Влада“**

→ ЗЕЛС, во соработка со Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, организираше работилница за првата фаза од проектот “Зони на смирен сообраќај“ што треба да се реализира во соработка со општините.

→ За потребите на општинските советници, иницирано преку Комитетот на советите на ЗЕЛС, а во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Македонија, се спроведоа три обуки за општинските советници за: пакетот закони за децентрализација, принципи на демократско управување, финансирање на единиците на локалната самоуправа и за улогите на општинските органи во врска со финансирањето во локалната самоуправа.

→ Во рамки на советувањето за законската регулатива во областа на урбанизмот и градежништвото, одржано во х.Дрим, Струга, по барање на општините беше вклучен и Законот за постапување по бесправно изградени објекти.

**Б). Категоријата на лица опфатени со активностите за градење на капацитети , односно наменети за :**

а) Избрани функционери на локално ниво

б) Општинска администрација – административни службеници.

| **Одржани активности за градење капацитети во 2015 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Бр** | **Тема** | **Целна група** | **Период/ Место** | **Бр. на учесници** | **Вид на активност** |
| 01 | Програми за развој на ЕЕ и искористување на обновливи извори на енергија | Општинска администрација – ЕЕ мрежа | Јануари, ЗТЦ Скопје | 36 | Обука |
| 02 | Провери го моето такси | Општинска | Јануари, | 43 | Обука |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | администрација | ЗТЦ Скопје | | |
| 03 | Зони на смирен сообраќај | Општинска администрација | Февруари, ЗТЦ Скопје | 52 | Работилница |
| 04 | Е-Влада | Општинска администрација | Февруари, Дебата сала-Влада, Скопје | 63 | Обука |
| 05 | Примена на Законот за административни службеници во единиците на локалната самоуправа | Општинска администрација – мрежа за ЧР | Февруари, ЗТЦ Скопје | 66 | Обука |
| 06 | Апликација на ЕУ програма HORIZON 2020 | Општинска администрација – Мрежа на ЛЕР и на ЕУ | март, ЗТЦ Скопје | 64 | Обука |
| 07 | Примена на начелата за родова еднаковост на локално ниво | Општинска администрација | март, ЗТЦ Скопје | 35 | Обука |
| 08 | Спроведување на законодавството во животна средина од страна на ЕЛС | Општинска администрација – мрежа за ЖС | Април, ЗТЦ Скопје | 51 | Работилница |
| 09 | ИПА 2 и развој на проектна идеја | Општинска администрација – Мрежа на ЕУ | Мај, ЗТЦ Скопје | 63 | Обука |
| 10 | Форумски модератори | Мрежа на сертифицирани форумски модератори | Мај, ЗТЦ Скопје | 12 | Обука и испит |
| 11 | Програми за прекугранична соработка - Предности и предизвици | Општинска администрација – Мрежа на ЕУ | Мај, ЗТЦ Скопје | 67 | Обука |
| 12 | Родово одговорно буџетирање и политики | Координатори на советнички групи и Општински советници | Мај, Маврово | 56 | Обука |
| 13 | Закон за градежно земјиште | Општинска администрација | Јуни, Струга | 238 | Советување |
| 14 | Закон за просторно и урбанистичко планирање | Општинска администрација | Јуни, Струга | | Советување |
| 15 | Закон за постапување со бесправно изградени објекти | Општинска администрација | Јуни, Струга | | Советување |
| 16 | Закон за градење | Општинска администрација | Јуни, Струга | | Советување |
| 17 | Оптимизација на училишна мрежа и планирање на распределба на трошоците од блок дотации во образование | Општинска администрација - мрежи за образование и за финансиски работници | Јуни, ЗТЦ Скопје | 67 | Обука |
| 18 | Надлежности (права и обврски) на општинските советници | Општински советници | Ноември, Скопје и Кочани | 48 | Обука |
| 19 | Наплата и контрола на локални даноци (днок на | Општинска администрација - | Ноември, Скопје | 137 | Работилница |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | имот) | мрежи за финансиски работници и за даночни инспектори | | | |
| 20 | Наплата и контрола а локални такси и надоместоци | Општинска администрација - мрежи за финансиски работници и за даночни инспектори | Ноември, Скопје | | Работилница |
| 21 | JАВА програмирање | Општинска администрација - Мрежа за ИТ | Ноември, ЗТЦ Скопје | 23 | Обука |
| 22 | Мобилни апликации-интермедија-напредно ниво | Општинска администрација -Мрежа за ИТ | Декември, ЗТЦ Скопје | 27 | Обука |
| 23 | Бизнис пријателска сертификација | Административни службеници од ЕЛС | Април/Декември, ЗТЦ Скопје | 15 | Обука / испит |
| 24 | Туризмот и потенцијалите на општините | Општинска администрација - Мрежа на ЛЕР | Декември, ЗТЦ Скопје | 39 | Обука |
| **ВКУПНО** | | | | **1202** | |